# ЕСТИРА

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Оригинален текст: Беатриса Холенбек
Адаптација за Европа: Џенифер Хаијер

Text published by European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 2001 Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

## Содржина

**Лекција** **Страна**


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Естира станува царица | 3 |
| 2 | Мардохеј стои во вистината | 8 |
| 3 | Повик за помош | 11 |
| 4 | На Божјиот народ му е дадена чест | 15 |
| 5 | Естира се застапува за својот народ | 19 |
| 6 | Божјиот народ е победоносен | 23 |


## Вовед

Настаните во книгата Естира се случиле помеѓу 490 и 480 година пред нашата ера. Евреите биле однесени како заробеници во Вавилон, кој, пак, веќе бил дел од Персиската империја. Даниел кој имал висока положба во дворецот, бил веќе мртов. Ахасвер, синот на Дариј Први, се наоѓал на престолот на Персија. (Учителе, покажи на една мапа на Блискиот Исток во тоа време, каде се наоѓаат Ерусалим, Вавилон и Шуша.)

Во случката со Естира има многу возбуда и неизвесност. Не само тоа, туку и книгата јасно ја прикажува Божјата промисла и сувереност. Иако Божјото име не е спомнато, ние го гледаме делото на Неговата рака низ целиот овој период на старозаветна историја.

Кога ќе ги поучуваш овие лекции, внимавај да не се зафатиш само со прераскажување и да заборавиш да поучуваш библиски вистини. Постави си за цел во секоја лекција темелно да ја поучуваш централната вистина. Би било добра идеја да ја запишеш централната вистина на парче картон или хартија, и да ја ставиш на фланелограф. Тоа им помага на децата да запомнат. На почетокот на секоја лекција е даден многу кус преглед на лекцијата. Тој покажува каде во лекцијата се поучува централната вистина (ЦВ) и каде е применета таа.

Н- значи примена за неспасени деца;æ
С- значи примена за спасени деца;

Умно е да се вежба користењето на сликите и менувањето на сцените пред да се предава лекцијата пред децата. Задниnите за секоја сцена се навистина од помош, но не се битни. Овие серии можат да се поучуваат со заднина од отворена Библија, или пак со празна заднина.

Како резултат на тоа што ќе го научат за време на овие лекции, децата можеби ќе имаат прашања или духовни потреби. Во еден момент за време на програмата, кратко и јасно, дај им до знаење дека си на располагање да им помогнеш и каде ќе можат да те најдат на крајот од програмата. Ова е вклучено во три од лекциите во оваа серија.

## Прва Лекција

# Естира станува царица

**Библиски текстови:** 2. Кн. Цар.24:10-25,30; Естира 1:1-2:20

**Централна Вистина:** Бог има планови за секое од неговите деца.

**Примена:** **Неспасени:** Мора да го примиш Исус Христос како Спасител и Господ пред да ги дознаеш Божјите планови за тебе.

**Спасени:** Биди Му послушен на Бог и Тој ќе ти ги открие Неговите планови за тебе.

**Кус преглед на лекцијата:**

Естира и Мардохеј живеат во туѓина во земјата Персија ЦВН
Кралот на Персија приредува гозба.
Кралот ја повикува Астина.
Астина одбива да дојде. ЦВ
Астина ја губи својата положба.
Потрага по прекрасни девојки.
Естира доведена во палатата. ЦВС
Естира ја чува својата тајна. ЦВС
Естира поставена за кралица. ЦВС,Н

**Визуелни помагала:** Заднините и сцените употребени тука се за употреба врз отворена Библија од фланел. Ќе ви требаат пет заднини и еден горен слој: 1. скромен ентериер; 2. внатрешност на палата со горен слој за гозбата; 3. внатрешност на женска просторија; 4. надворешност (екстериер); 5. надворешна порта. Заднините за секоја страна мора да бидат одделни. Во истовреме ќе има по две сцени врз Библијата од фланел, но заради погодност во прикажувањето, секој дел е нумериран како една сцена, при што левата страна е означена со А, а десната со Б.

**Стих за напамет:** Еремија 29:11
"Јас ги знам Своите замисли, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замисли за мир, а не за зло: да ви дадам иднина и надеж."

"Зошто не смеам да седам до доцна и да гледам телевизија?"

"Зошто лилјаците не удираат во предметите додека летаат наоколу?"

"Зошто бебињата мора да плачат?"

Зошто? Зошто? Зошто? Имаме многу прашања со "зошто", нели? Сигурно и малата Естира често прашувала „зошто?" Можеби нејзините прашања со "зошто" звучеле вака:

**Сцена 1А** *(Скромен ентериер)*
*(Стави го зборот ЕСТИРА и сликата 1)*

"Зошто сме поинакви од другите луѓе во Шуша?" Нејзиниот братучед Мардохеј ќе ѝ одговорел *(стави ја слика 2)*. "Ние сме Евреи, Божјиот избран народ. Ние Го обожаваме и слушаме Бог, бидејќи Тој е единствениот и вистински Бог."

Естира имаше уште прашања. "Зошто не се сите луѓе во Шуша Евреи?"

Мардохеј одговарал: "Пред многу, многу години Бог му даде на Својот народ негова сопствена земја. Но тие не Го послушаа Бог и почнаа да обожаваат лажни богови. Бог употреби цареви и војски да дојдат во нивната земја како казна. Овие војски заробија многу Евреи и ги однесоа во нивните земји. Затоа ние живееме во Персија. Нашите прадедовци беа едни од тие заробеници."

"Зошто јас не живеам со мајка ми и татко ми?" запрашала Естира.

"Тие умреа Естира", тажно објаснувал Мардохеј, "но јас добро ќе се грижам за тебе". И тој се грижел - сè до нејзините тинејџерски години.

Имало многу тажни нешта во животот на Естира, но прекрасното нешто е дека Бог имал план за нејзиниот живот. Таа беше едно еврејско сираче и можеби многу луѓе не ни помислувале дека таа е посебна. Но таа беше „посебна" за Бог; Тој имаше навистина добри планови за животот на Естира. Ова важи и за секое Божјо дете. Ако си Божјо дете, Тој има посебни планови за тебе.

Кои се Божји деца? Библијата нѝ вели: „А на сите што Го примија, им даде право да станат Божји деца-на оние кои веруваат во Неговото име" ( Јован 1:12).
Ова значи дека ако ти побараш Господ Исус да го отстрани твојот грев и да управува со твојот живот, и ако навистина го мислиш тоа, во тој момент стануваш Божјо дете. Секој од нас треба да Го прими Христос како свој Господ и Спасител. Божјите деца се оние кои можат да знаат дека Бог има посебен план за нив, токму како што имаше големи планови за Естира.

*(Извади ги сликите 1 и 2)*

**Сцена 2Б** *(Внатрешност на палата со горен слој на двор со градина)*

Но ајде да одиме сега во еден многу поинаков дом од оној на Естира. Тој се издигнуваше над големиот

град Шуша. Ако би сакал да го заобиколиш одејќи, требало да пешачиш околу 4 километри. Тоа беше едно многу, многу важно место - таму беше палатата на Персискиот цар. Во тоа време Персија беше најсилната држава на светот. Тука царот Ахасвер седеше на престолот управувајќи со својата голема империја.

*(Стави ги сликите 3 и 4)*

Токму во тоа време тој одржувал една голема гозба. Планирал друга војна, и пред да ја отпочне, собрал многу од важните луѓе заедно да планираат и да се гоштеваат. Неговите воени команданти, благородници и принцови ја исполниле палатата. Тоа било забава што се памети; траела 180 дена! Како ви се чини?

Каква палата за гозба! Во градините, бели и сини завеси биле закачени за мермерни столбови со сребрени обрачи. Подовите биле направени од мермер со шари во различни бои. Тука и таму имало златни и сребрени легла. На последните седум дена од оваа голема гозба, сиот народ на Шуша бил поканет во палатата. Во палатата, царицата одржувала посебна забава за сите жени.

Гордиот цар сакал секој да го види колку е голем и богат. Тој го покажал своето богатство и ризница. Последниот ден веќе беше испил премногу вино. Но тој сѐ уште си мислел: „Како да му покажам на овој народ колку сум возвишен, моќен и богат?" Тогаш му дошла една идеја: *"Царицата мора да дојде на мојата гозба. Таа е најубавата жена. Сигурно ќе помислат дека сум величествен штом имам таква прекрасна царица."*

Бргу испратил седум слуги да ја доведат царицата. Дури и нејзиното име, Астина, значи прекрасна. Царот чекал. Веројатно тој веќе им се пофалил на командантите, благородниците и принцовите за неговата царица.

Седумте слуги се вратиле. „Царицата одбива да дојде", му рекле на царот. Библијата не ни кажува зошто царицата Астина не сакала да дојде, но ни кажува дека царот Ахасвер се налутил многу. Неговиот план пропаднал! *(Извади ја слика 4).* Овој величествен цар не знаел дека постои величествен, семоќен Бог и дека она што се случуваше беше според Неговиот план. Тоа дури имаше врска и со Неговите планови за еврејското сираче, Естира. Важно е да се запомни дека Оној кој има планови за Неговите деца е семоќен. Понекогаш ние имаме идеи, но не можеме да ги извршиме. Но со Бог не е така. Тој може да ги изврши Своите планови. Ако си Божјо дете запомни го ова, и запомни дека Божјите планови за тебе се добри. Тој е добар Бог, а исто така е и семоќен Бог. Тој во Неговото слово вели дека Божјата волја е „добра, угодна и совршена" ( Рим. 12:2).

Ако си Божјо дете, барај од Него да ти помогне да Му бидеш послушен, да одиш по Неговиот совршен пат. Прекрасно е да се знае дека Бог има добар план за тебе дури и кога се чини дека работите одат кон лошо.

**Сцена 3А**

Во палатата изгледало како сѐ да тргнало наопаку. Царот Ахасвер веднаш се посоветувал со своите мудри луѓе. (Стави ја сл. 5)

„Според законот, што треба да ѝ се направи на царицата Астина?" прашал тој.

Главниот на мудреците одговорил: „Царицата Астина згреши, не само против царот, туку и против целиот народ на Персиската Империја. Штом другите жени ќе чујат што направи таа, и тие ќе станат непослушни на нивните мажи. Ќе нема крај на невојата што ќе се предизвика."

„Царот треба да објави царска одлука која ќе вели дека Астина не е повеќе царица. Кога жените ќе го чујат тоа, ќе ги почитуваат своите мажи."

Овој нов закон требаше да се запише меѓу законите на Персија и тие закони не можеа никогаш, никогаш да се променат.

**Сцена 3Б**

Набргу веста беше подготвена да се испрати низ целата голема империја. *( Ставете ја слика 6 и силуетите од коњи во далечината )* Јавачи беа испратени да го разнесат овој закон. Набргу веста за новиот закон се рашири-царицата Астина веќе не беше царица. Таа никогаш повеќе не дојде пред царот.

Меѓутоа после подолго време му помина лутината на царот Ахасвер, и тој пак почна да мисли на Астина. Неговите советници видоа дека тој мисли на неа. "Нека се побараат најубавите млади девојки во царството," предложија тие. Нека се донесат во палатата и тогаш царот ќе може да ја избере најубавата за своја царица."

Царот помисли дека тоа е добар предлог, и набргу пребарувањето започна.

**Сцена 4А** *( Внатрешност на палатата- нема акција*
**Сцена 4Б***(Позадина од внатрешност на женска про сторија)*

Сите овие прекрасни млади девојки беа донесени во една куќа во дворот на палатата. *(Ставете ги сликите 7 и 8)* Тие беа добро негувани од царските слуги.

Една од овие млади девојки беше посебно популарна и многу убава. Таа беше Еврејката Естира. Бидејќи беше толку убава, таа мораше да го напушти својот дом и да дојде во палатата. Естира Му припаѓаше на единствениот, вистинскиот Бог. Палатата на паганскиот цар беше последното место каде би се очекувало да биде таа. Мора да била многу тажна кога се збогувала со Мардохеј.

Зошто се случи тоа? Бог сакаше Естира да биде во палатата. Можеби ти си единствениот христијанин во твоето семејство. Бог има посебна причина што си дел од него.Тој сака да им покажеш на другите што направил Господ Исус во твојот живот. Помисли на твоето одделение во училиште; Бог те има таму за да има некој, кој ќе им покаже на оние кои не го познаваат Господ Исус што значи да се биде христијанин. Понекогаш на училиште е многу тешко да се живее за Него, но зарем не помага кога знаеш дека ништо не може да ти се случи освен ако Бог не дозволи? Ти помага да не мрмориш и да не се жалиш кога ќе се сетиш дека Божјиот план е добар. Навистина, тоа е најдоброто.

Ти нема секогаш да ги знаеш причините зошто тажни и тешки работи ти се случуваат, но Бог има свои причини зошто ги допушта да се случат. И Естира исто така, еден ден требаше да го дознае ова, иако сѐ уште не знаеше зошто Бог сака таа да биде во палатата.

*(Ставете ја слика 9)*

Кога Естира пристигна таму, нејзе ѝ дадоа седум слугинки да се грижат за неа. И беше дадено и најдоброто место во женската куќа.

Сите млади девојки беа разубавувани 12 месеци пред да отидат при царот. Потоа една по една требаше да бидат представени.Тие можеа да земат сѐ што мислеа дека ќе ги направи поубави. Зарем не гледаш како одбираат облека и накит ? Како што одеа пред царот, сигурно секоја од нив се надеваше дека ќе биде избрана за царица.

**Сцена 5А** *(Внатрешност на палатата- нема акција)*
**Сцена 5Б***(Надвор-порта на дворот)*

Секој ден Мардохеј, братучедот на Естира, шеташе горе долу близу до дворот на куќата каде беа жените. Тој сакаше да дознае како се снаоѓа Естира.

*(Ставете ја слика 10)*

Естира не можеше да го види, а ни тој не можеше да ја види.Такво беше правилото на персискиот двор. Но веројатно некои од слугите му кажувале новости за Естира на Мардохеј.

Имаше едно нешто за кое веројатно Мардохеј се прашуваше. Тој и Естира имаа една тајна. Тој ѝ беше рекол дека никој во палатата не смее да ја дознае. Можеш ли да се сетиш која е таа тајна? Да-Естира беше Еврејка. Тоа беше тајната. Иако Естира не знаеше зошто не треба да ја каже, таа ја чуваше тајната бидејќи Мардохеј ѝ беше кажал така. Кога го послушуваше Мардохеј, таа го послушуваше Бог.

Важно е да запамтиме дека тие кои се послушни на Бог се оние кои го откриваат Неговиот план за нивните животи. Кога ја читаш Библијата, гледај да ја послушуваш. Ако како христијанин си непослушен на Бог, може да го пропуштиш она што Тој го планирал за тебе. Но Естира беше послушна на Бог бидејќи го почитуваше и слушаше Мардохеј кој ѝ беше како родител. Божјата заповед е, ”Почитувај ги татка си и мајка си”. Затоа Естира знаеше дека мора да ја чува тајната.

Таму надвор во дворот, Мардохеј се прашуваше: ”Ќе може ли таа да ја зачува тајната? Ќе ја препознае ли некој?” Ќе мора да причекаме и ќе видиме.

**Сцена 6А** *( Внатрешност на палатата )*

Најпосле дојде денот кога Естира требаше да отиде и да биде претставена пред царот. Главниот слуга ѝ кажа што да облече и таа направи како што ѝ рече. Не одбра ништо друго за разубавување. Таа беше прекрасна а накитот и фините алишта можеа само да ја расипат нејзината убавина. Таа беше и популарна личност исто така; на сите им се допаѓаше.
*(Ставете ја слика 11)*

Мора да имала трема и страв кога ја носеа да се сретне со царот Ахасвер, најголемиот владетел на светот.

Царот сметаше дека Естира е поубава од сите други девојки. Тој одлучи таа да биде негова царица. Царската круна *(Ставете ја сл.11а на главата на Естира)* беше ставена на главата на Естира. Таа сега стана царица Естира! Стана царица на големата империја. Тоа беше дел од она што Бог го планираше за неа. Ако си Божјо дете, помни дека Тој има планови за тебе. Јас не мислам дека Бог планира било кој од вас да стане цар или царица на голема империја, но Тој има други планови за вас. Тие се најдобрите планови.Ти ги откриваш Неговите планови кога си Му послушен Нему. Како што растеш, барај Бог да ти покаже што Тој сака да бидеш. Можеби сака да бидеш камионџија, медицинска сестра, учител, работник во фабрика, или пак мисионер. Барај од Бог да ти помага да одиш секогаш по патот што Тој го планирал за тебе. Можеби тоа нема да биде секогаш патот што ти би го избрал. Понекогаш можеби ќе биде многу тешко.Важно е да ја вршиш Неговата волја. Библијата во Еремија 29:11 вели: ”Јас ги знам Своите замисли (планови) што имам намера со вас, зборува Господ, замисли (планови) за мир, а не за несреќа:”

Божјиот пат за Естира беше многу необичен, но совршен. Ете,таа беше во царската палата. Но дали ќе може да ја зачува тајната? Ќе дознаете друг ден.

**Сцена 6Б**

Размислете за Естира *(Ставете ја слика А)* која нѐ потсетува дека Бог има прекрасни планови за секое од Неговите деца. Можеби ти не знаеш ништо за ова бидејќи не си Божјо дете. Дали навистина посакуваш да бидеш? Единствениот начин е да имаш волја да се одвратиш од сето она за кое знаеш дека е лошо во твојот живот и да Го примиш Господ Исус за свој Спасител и Цар. Можеш да му кажеш токму сега: ”Драги Господе Исусе, прости ми ги сите мои гревови и прости ми што одев по свој пат. Ти благодарам што













умре на крстот за мене. Те молам сега да ме спасиш, да го преземеш мојот живот и да ме направиш она што Ти сакаш да бидам.” Тогаш ќе почнеш да го откриваш Неговиот пат за тебе.

Момчиња и девојчиња христијани, нели е возбудливо кога знаете дека Бог има планови за вас? Кога тажни или обесхрабрувачки работи се случуваат, помнете дека Божјите патишта се најдобрите. Начинот да го знаеш Божјиот план е да Му бидеш послушен Нему. Можеби има нешто во кое си непослушен. Немој да продолжиш со таа непослушност.Одврати се од тоа денес, побарај прошка од Бог. Можеш да Му кажеш: ”Драги Небесен Татко, прости ми што Ти бев непослушен во тоа. Те молам помогни ми да не го правам тоа веќе. Ти благодарам за Твоето ветување дека ќе нѝ простиш кога ги признаваме нашите гревови пред Тебе.” Послушните Божји деца се тие кои уживаат во Божјите посебни планови за нив.

**Додаток кон прирачникот за Библиски лекции од Естира**

(Во лекциите 2 и 3 поучувањето е за христијански деца. Не треба, меѓутоа, да заборавите да ги евангелизирате неспасените деца во вашата група. За таа цел ви предлагаме да вклучите евангелизаторски песни во вашиот програм и да ги поучувате на начинот наведен подолу.)

Можеби татко ти чита весник секој ден.Често вестите се лоши- авионска несреќа, војна, или пак неговиот омилен фудбалски тим го загубил натпреварот. Денес ние ќе пееме за една добра вест, најдобрата вест што би можел да ја чуеш. (Пеј ја песната).

Добра вест! - Христос умре за мене! Исус Христос единствениот Божји Син, нѐ засака толку многу што умре за нашиот грев. Бог мора да го казни гревот, а Неговиот единствен Син ја зеде казната што ја заслужуваме. Таа е многу добра вест!

Добра вест - Јас сум вечно спасен. Ова значи дека наместо засекогаш да бидеш казнет за твојот грев, ти си безбеден и ќе одиш на Небо. Исус Христос може да те спаси од казната што ја заслужуваш.Тој дојде за да избави од гревот кој го расипува твојот живот.Тој ќе те чува да бидеш безбеден засекогаш. Но чекај. Има едно многу важно мало зборче тука. Зборчето е ”ако”. Ти си спасен засекогаш *ако* веруваш. Мора да поверуваш во Исус Христос за да те спаси. Треба да Му кажеш дека жалиш за твојот грев и дека Му се довеРуваш да те спаси. Тогаш си вечно спасен. Ајде пак да пееме за Добрата Вест!

Пред да ја изложиш Лекцијата 3, учи ги децата да ја пеат песната „Љубов, љубов, Љ-У-Б-О-В.

Денес кога ќе чуеме повеќе од возбудливата случка со Естира, ќе научиме за нешто кое Бог го прави за Неговите деца. Божјите деца се оние кои дошле при Исус Христос и поверувале во Него како Спасител.Оваа песна нѝ помага да разбереме повеќе за тоа, и како што ќе ја пееме, ќе учиме и да пишуваме исто така! (Испеј го првиот стих). Исус Христос, Бог Синот, нѐ засака тебе и мене толку многу што го напушти Небото, знаејќи дека ќе умре.Ти и јас Му бевме непослушни на Бог и нашиот грев нѐ одвојува од Него. Исус Христос нѐ засака толку многу што дојде да умре за нашиот грев.

(Пеј ”Готово, готово, Г-О-Т-О-В-О”). Ако одлично ја напишеш домашната работа, никој нема да може да ја поправа. Кога Исус Христос умре за нашиот грев, Тој направи совршена последна жртва за гревот. Ништо повеќе не треба за твојот грев.Но ти мора да дојдеш при Исус Христос. (Пеј го третиот стих).

Токму сега можеш да дојдеш при Него кажувајќи Му на пример вака: ”Драги Исусе, јас бев лош. Ти благодарам што умре за мене.Те молам одземи го мојот грев. ”Исус Христос воскресна од мртвите - затоа можеш да дојдеш при Него и биди сигурен дека Тој ќе ти каже добредојде.Тогаш ќе можеш вистински да го пееш последниот стих ”Мој, мој, М-О-Ј ” . Ако дојде при Господ Исус и Тој е навистина твој Спасител, тогаш ти си во Божјото семејство и она што ќе го научиш денес од нашата Библиска Лекција за Естира ќе биде многу посебно за тебе!

## Лекција 2

**Мардохеј стои во вистината**

**Библиски текстови:** Естира 2:21- 4:3

**Централна вистина:** Биди Му верен на Бог како што беше Мардохеј.

**Примена:** **Спасени:** Треба да Му бидеш послушен на Бог и да те знаат како христијанин дури и кога е тешко да го правиш тоа.

**Кус преглед на лекцијата:**
Мардохеј слуша завера за убиство на царот.
Тој го известува тоа. ЦВС
Тоа се запишува, но тој не добива награда. ЦВС
Аман е унапреден.
Другите треба да му се поклонуваат на Аман.
Мардохеј одбива. ЦВС
Царевите службеници му кажуваат на Аман зошто Мардохеј не се поклонува. ЦВС
Аман заговара убиство на Евреите.
Аман бара дозвола од царот.
Дозволата е дадена.
Се рашируваат гласини дека на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец Евреите ќе загинат. ЦВС
Мардохеј тагува. ЦВС

**Визуелни помагала:** Сцените: внатрешност на палатата, надворешност и надворешна порта од Лекцијата 1 може да се искористат за трите сцени неопходни за оваа лекција.Позадините за секоја страна мора да бидат одделни. Ќе има по две сцени на фланелната Библија истовремено, но заради погодност во прикажувањето, секој дел е нумериран како една сцена, при што левата страна е означена со А, а десната со Б.

**Стих за напамет:** Повтори го Еремија 29:11 "Јас ги знам Своите замисли што сум ги смислил за вас, вели Господ, замисли за мир, а не за зло: да ви дадам иднина и надеж."

**Сцена 1Б** *(Надворешност- порта)*
**Сцена 1А** *(Празно- нема акција)*

Можеш ли да чуваш тајна? Мардохеј навистина се надеваше дека Естира може! Се сеќаваш ли која беше тајната? Да, дека Естира беше Еврејка!

*(Ставете ја слика 12)*

Мардохеј беше слуга на царот и работеше при портата на палатата *(Ставете ја слика 13)*. Тој мора да видел многу интересни луѓе кои влегуваа и излегуваа. Честопати веројатно слушал што зборуваа луѓето кои поминуваа.

*(Ставете ја слика 14)*

Еден ден тој ги "начули ушите" и наслушна внимателно. Тоа звучеше како завера! Слушајќи , Мардохеј откри дека двајца мажи заговараа да го убијат царот Ахасвер.

*(Извадете ја слика 14)*

**Сцена 2А** *(Внатрешност на палатата)*

Мардохеј знаеше дека мора нешто да се стори да се запре злобната завера. Тој бргу прати збор за Естира, а Естира ја донесе веста до царот. *(Ставете ја слика 15)* Ако си Божјо дете - можеш ли да се сетиш како стана Божјо дете? *(Накратко повторете го поучувањето за ова од минатонеделната лекција).* Ако си Божјо дете, ти мора да Му бидеш верен на Бог, како што беше Мардохеј. Да се биде верен, значи да се прави она што Бог го сака дури и кога е тешко. Ќе има моменти кога ќе треба да го кренеш својот глас против злото. Можеби некои од твоето одделение се непристојни и злобни кон некое одредено момче, на пример Миле. Тие му се смеат, го исмејуваат и не играат со него. Тие играат со тебе, но не играат со Миле. Како христијанин, што треба да направиш? *(Дозволете децата да одговорат)* Ако имаш намера да го направиш тоа што Бог сака да го направиш, тоа можеби ќе значи да кажеш тивко," Мислам дека треба да го викнеме Миле во нашиот тим." Можеби ти би можел да си играш со Миле за да им покажеш на другите дека сакаш да се дружиш со него. Божјите деца не треба да дозволуваат гнасни и зли работи да се случуваат, без да се обидат да ги запрат.Биди Му верен на Бог како што беше Мардохеј. Сега царот знаеше за заверата. Беше покрената истрага. Двајцата мажи беа најдени виновни и беа обесени.

*(Ставете ја слика 16)*

Потоа, сето тоа беше внимателно запишано во царскиот записник. Името на Мардохеј беше запишано исто така.Веројатно царот не беше го забележал името на Мардохеј, бидејќи не му даде никаква награда ниту подарок како што царевите обично правеа кога некој ќе им направеше таква услуга.

Често кога си по Божја волја, никој не ти вели ”Благодарам,” ниту те фали. Еднаш имаше едно момче по име Тони. Некои од неговите другари упаднаа во еден овоштарник и јадеа од сочните црвени јаболки.

”Еве Тони, земи една. Навистина се добри.”

”Не благодарам,” рече Тони тивко.

”Зошто не?” настојуваше неговиот другар.

”Не ми се допаѓа да земам украдени јаболка,” објасни Тони.

”Тони - доброто детенце,” му се потсмеваше неговиот другар, ”А ние не сакаме добри дечиња во нашата банда, нели?”

Тони си отиде дома чуствувајќи се тажен - му се допаѓаше да си игра со момчињата. Но во своето срце знаеше дека му беше послушен на Бог. Бог беше задоволен дека тој Му остана верен Нему. Многу е поважно да го задоволиш Бог, отколку да ги задоволиш луѓето. Библијата вели, ”Треба да го слушаме Бог, а не луѓето” (Дела 5:29). Мардохеј направи така.

**Сцена 2Б** *(Нема акција)*
**Сцена 3А** *(Внатрешност на палата)*

*(Извадете ја слика 16)*

Подоцна, царот Ахасвер реши да унапреди еден од неговите луѓе по име Аман, со големи почести. *(Ставете ја слика 17)* Навистина тој го постави над сите други благородници. Царот им нареди на сите царски слуги и службеници да се поклонуваат пред гордиот Аман.

**Сцена 3Б** *(Преместете ја слика 17 на сцена 3Б и ставете ја слика 18)*

Кога Аман гордо поминуваше низ портата, сите царски слуги му се поклонуваа со лицата до земја. Колку ли уживал гордиот Аман кога сите овие слуги му се поклонуваа! Но имаше еден кој не се поклонуваше. Може ли да погодите кој беше тој? Да, Мардохеј.

*(Извадете ги сликите 17 и 18)*

**Сцена 4А** *(Нема акција)*
**Сцена 4Б** *(Ставете ја слика 19)*

Библијата не нѝ кажува зошто Мардохеј не се поклонуваше, но ние мислиме бидејќи тој чувствуваше дека со тоа од него се бара да го обожува Аман. Такво нешто тој не можеше да стори. Божјиот закон велеше: ”Нема да имаш други богови освен мене.” Божјите луѓе не смееа да обожуваат никој друг и ништо друго, освен самиот Бог. Мардохеј мора да знаел дека непоклонувањето пред Аман може да му донесе неволја. Но тој сакаше да стои во вистината и да го послуша Бог дури и кога е тешко. Токму тоа Бог го очекува и од тебе ако си Божјо дете. Тој сака да ги послушуваш Неговите заповеди и да покажуваш дека Му припаѓаш Нему. Да се стои во вистината за Бог значи да Го послушаш Него иако тоа можеби е тешко.

Можеби си надвор и си играш некоја игра со твоите другари. Татко ти ти рекол да се вратиш дома во 6 попладне.Но играта сѐ уште не е завршена. Другарите ти велат: ”Ајде, остани до крај.” Божјата заповед е: ”Почитувај ги татка си и мајка си.” Ако сакаш да Му бидеш верен на Бог, ти ќе треба да кажеш: ”Извинете, јас мора да си одам сега.” Прекрасно е што Бог ти дава сила да останеш во вистината за Него. Никогаш нема да се случи Тој да не ти помогне да постапиш исправно. Тој е верен кон Своите деца и затоа тие можат да стојат во вистината за Него.Во тоа нешто Мардохеј можеше да биде сигурен.

Каква возбуда настана кога тој не му се поклони на Аман. Некои од царските службеници го прашаа: ”Зошто си непослушен на царската заповед?” Но тој одбиваше да се поклони.

Така тие отидоа и му кажаа на Аман: ”Мардохеј не сака да се поклони пред тебе; тој е Евреин.” Мардохеј беше познат како Евреин. Дали си ти познат како христијанин? Дали некој те прашал: ”Зошто одиш во неделно училиште?” Дали си објаснил дека си христијанин? Во твоето семејство, дали твоите родители, браќа и сестри знаат дека поради тоа што ти си христијанин, ја читаш Библијата и помагаш дома?

Ако сакаш вистински да бидеш за Бог, тоа ќе значи да бидеш познат како христијанин. Ние читаме во Божјиот Збор: ”Вие сте мои сведоци, вели Бог” (Еремија 43:10а). Ако сакаш да бидеш сведок, ти не можеш да ја чуваш тајната дека си христијанин.

Можеби токму сега имаш голем проблем да Му бидеш верен на Бог. Би сакал да разговараш со некој за тоа. Ќе ми биде мило да разговарам со тебе и да се молам со тебе. Дојди да се видиме *(одредено место)* после состанокот. Важно е да Му бидеш верен на Бог како што беше и Мардохеј.

Кога Аман виде дека Мардохеј не сака да му се поклони, стана многу, многу лут. Неговиот суров и зол ум смисли одмазда. Тој толку се налути што не му беше доволен еден човек; тој намеруваше да го уништи сиот еврејски народ.

Тој побрза при своите мудри луѓе да дознае кога ќе биде неговиот среќен ден да ја изврши својата зла завера. Најпосле неговите мудреци му кажаа дека тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец би бил среќниот ден.Персијците не знаеа дека Господ Бог е оној кој ги управува сите денови, а не среќата или несреќата. Така Аман беше убеден дека ќе има среќа да ги исполни своите планови против Евреите.

**Сцена 5А** *(Ставете ја слика 17)*

Меѓутоа прво тој мораше да му ги каже своите планови на царот, а го стоти тоа на многу вешт начин: ”О цару Ахасвер, во твоето царство има едни луѓе кои се држат одвоено. Тие се поинакви од сите други луѓе и не ги слушаат царските закони. Навистина, о цару, не е добро да ги оставиме да живеат. Ако е по волја на царот, нека издаде наредба да се уништат. Јас ќе дадам десет илјади сребрени таланти да помогнам да се платат трошоците.” Аман итро скри дека Евреите беа тие кои тој сакаше да ги уништи.

Царот Ахасвер ни малку не се посомнева. Тој се согласи со планот. Тој дури го извади својот прстен и му го даде на Аман. Ова значеше дека Аман можеше да го втисне печатниот прстен во восокот и да го запечати новиот закон. Тогаш сите требаше да знаат дека тоа е закон од царот Ахасвер кој не може да се промени. ”Не мора да ги даваш сите тие пари,” му рече царот на Аман. ”Прави со тие луѓе што сакаш.”

Работите тргнаа подобро отколку што Аман се осмелуваше да се надева.

*(Ставете ја слика 16)*

Наскоро законот беше напишан и запечатен со царскиот печат, со прстенот што сега го носеше Аман.

**Сцена 5Б** *(Ставете ја надворешната позадина над сцената со портата) Ставете ја слика 20)*

*(Ставете ја слика 16)*

Јавачите ја разнесоа пораката низ целото царство. Персијците имаа неверојатен начин брзо да ја рашируваат веста. Јавачите јаваа на нивните коњи, мулиња или камили до одредена далечина, Потоа други животни и јавачи ја пренесуваа веста понатаму, а и тие беа заменувани од следните животни и јавачи. Така веста беше раширувана многу, многу брзо. Овојпат веста беше многу тажна.Беше донесен закон да на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец бидат убиени сите Евреи. Овој страшен ден доаѓаше за помалку од 11 месеци.

**Сцена 6А** *(Извадете ги сликите 12,13,16,17,19.20)*

Веста бргу се рашири околу Шуша, главниот град. Евреите мора да беа зашеметени - на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец сите тие требаше да умрат.

Зарем не ќе беше подобро Мардохеј да му се поклонеше на Аман, наместо да ги вовлече Евреите во сета оваа неволја? Ако Мардохеј знаеше во своето срце дека поклонувањето би значело обожување на Аман, тој имаше право да Го послуша Бог. Ние научивме дека Библијата вели: ”Треба да Го слушаме Бог, а не луѓето.” (Дела 5:29) Треба да го правиме ова дури и кога е многу, многу тешко. Тоа значи да се биде верен на Бог. Но запамти, Бог ќе ти помогне. Тој ќе те зајакне, кога ќе биде многу тешко. Стој вистински за Него бидејќи Тој ветува дека ќе ти биде верен. ”Не плаши се, зошто Јас сум со тебе; не се вознемирувај зошто Јас сум Бог твој; Јас ќе те зајакнам” ( Исаија 41:10а). Сеќавај се на ова прекрасно ветување кога работите ќе станат тешки.

**Сцена 6Б** *(Ставете ја слика 22)*

Мардохеј навистина се вознемири кога ја слушна ужасната вест. Тој ја раскина својата облека и се покри со врекиште и пепел. Во библиско време луѓето облекуваа стари алишта направени од рапави вреќи за да покажат голема тага. Мардохеј викаше на глас одејќи кон центарот на Шуша.

Откако беше разнесена оваа ужасна вест, што направија царот и Аман? Тие едноставно седнаа да пијат и да уживаат. Аман не знаеше, а ни царот Ахасвер не знаеше што овој нов закон ќе значи во палатата. Естира ја зачува својата тајна. Ќе мора да почекаме за да видиме што ќе се случи.

Но ако ти си Божјо дете, внимавај да Му бидеш послушен Нему. Немој да се срамиш да кажеш дека си христијанин. Живеј за Бог. Дури и кога е тешко, биди верен како што беше Мардохеј. Бог ќе ти биде верен. Библијата нѝ вели : ”Бог е верен” (1 Кор. 1:9 )













## Трета Лекција

### Повик за помош

**Библиски текстови:** Естира 3:15б - 4:17

**Централна вистина:** Бог ги слуша и ги одговара молитвите на Своите деца.

**Примена:** **Спасени:** Треба често да разговараш со Него и да ги носиш сите твои проблеми при Него.

**Кус преглед на лекцијата:**
Евреите плачат и се молат. ЦВ
Естира слуша за тагата на Мардохеј.
Естира му испраќа облека на Мардохеј.
Мардохеј обива.
Естира го праќа Атах кај Мардохеј.
Атах ѝ носи порака на Естира од Мардохеј.
Естира се плаши да оди кај царот. ЦВС
Естира му испраќа порака на Мардохеј - ”Не можам да го сторам тоа.”
Мардохеј одговара: ”Таа мора.”
Естира одлучува да оди.
Евреите и Естира постат. ЦВС
Естира оди во внатрешниот двор.
Царот го испружува својот жезол. ЦВС

**Визуелни помагала:** За оваа лекција се потребни две позадини - внатрешност на палатата - собата на царицата, и сцената со надворешната порта користена во лекциите 1 и 2.

**Стих за напамет:** Псалми 34:15 ”Господовите очи ги гледаат праведните, Неговите уши го слушаат нивниот вик.”

*(Ставете ја слика 20)*

Веста се рашири бргу, а со тоа и тагата. Кога Евреите слушнаа што ќе се случи на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец, тие плачеа и се облекоа во вреќишта.Тие исто така и не јадеа; тоа се вика постење. Понекогаш луѓето постат кога навистина сакаат да се концентрираат и да поминуваат време со Бог, молејќи Го за помош.

Евреите знаеа дека само Бог може да ги спаси од катастрофа. За време на тие денови многу Евреи извикуваа кон Господ Бог за помош. Тие знаеа дека во минатото Бог ги слушаше молитвите на Својот народ. Библијата јасно вели дека Бог е сеуште истиот. Тој слуша кога Неговите деца се молат и ја одговара нивната молитва. Едно од Неговите деца ги напиша овие зборови во Библијата: ”Со глас извикав кон Господа и Тој ме послуша од Својата Света Гора” (Псалми 3:4). Само Божјите деца можат да бидат сигурни дека Бог ќе ги чуе и ќе ги одговори нивните молитви. Дали си Божјо дете? Ти стануваш Божјо дете кога ќе Го примиш Господ Исус како свој Спасител и Господ. Ако си Го примил, Бог е твојот сакан Небесен Татко.Тој сака да чуе како му зборуваш. Тој секогаш слуша. Тој е толку голем и моќен; Тој секогаш може да помага.

Една ноќ, оваа вистина стана многу реална за едно христијанско момче. Тој живееше со мајка си и татка си на една осамена фарма, далеку од градот. Таа вечер неговиот татко сериозно се разболе и мајка му го замоли да отиде и да му каже на докторот; немаше друг начин да му се каже на докторот дека е потребен. Најбрзиот начин за момчето да отиде во градот и да го викне докторот, беше јавајќи на својот коњ. Но момчето се плашеше да јава во темницата. Мајка му настојуваше, и најпосле тој Го замоли Бог да му помогне. Го јавна коњот, и како што јаваше кон градот се молеше. Бог го донесе безбедно во домот на докторот, кој веднаш отиде да помогне. Како резултат на тоа, неговиот татко повторно оздраве. Таа ноќ, на посебен начин момчето сфати дека Бог ги слуша и одговара молитвите на Своите деца.

Евреите знаеа дека Бог им е потребен во ова време на неволја. Никој проблем не беше преголем за Него да не може да го реши, па ниту проблемот со злобната завера на Аман.

*(Извадете ја слика 20)*

**Сцена 1А** *(Внатрешност)*

*(Ставете ги сликите 23 и 24)*

Но во палатата царицата Естира не знаеше ништо за суровите планови на Аман. Таа сеуште не беше чула што се случува со нејзиниот народ. И се разбира, сеуште ја чуваше својата тајна - дека е Еврејка.

*(Ставете ја слика 25)*

Еден ден, нејзините слугинки донесоа една чудна вест. ”Нешто се случило поради кое Евреите се многу тажни. Се чини дека се многу исплашени. Тие носат вреќишта и седат во пепел. Дури и Мардохеј стои на улицата надвор од портата на палатата, облечен во грозно вреќиште.” (Во оние денови, луѓето кои беа во голема тага имаа обичај да се облекуваат во вреќишта и да седат во пепел, како што и денес некои луѓе носат црна облека кога некој близок ќе им умре.)

Царицата навистина се вознемири кога ја слушна веста за Еврејскиот народ. Нејзините слугинки мора да се прашуваа зошто; но слугинките не поставуваат прашања на царицата!

”Што е проблемот?” си мислеше царицата Естира. ”Само кога би можела да зборувам со Мардохеј, но тоа е невозможно. Морам некако да дознаам. Мора да му помогнам на Мардохеј.”

*(Ставете ја слика 26)*

Загрижената царица најде некои добри алишта и го замоли слугата да му ги однесе на Мардохеј. ” Кажи му да ги облече, ”го тераше таа,” и отстрани го неговото вреќиште.”

**Сцена 1Б** *(Надворешна порта)*

*(Ставете ја слика 27 и поместете ја слика 26 на сцена 1Б)*

Слугата побрза кај Мардохеј. Но кога се обиде да му ги даде алиштата на Мардохеј, тој не сакаше да ги земе. Така слугата се врати назад при Естира.

**Сцена2А** *(Извадете ја слика 24, ставете ја 28 и поместете ја 26 од сцена 1Б кон 2А)*

”О, зошто ги врати назад? Зошто Мардохеј не ги зеде?” праша вознемирената царица. Слугата објасни дека Мардохеј одбил, но не кажал зошто. Царицата почувствува дека нешто страшно лошо се случува. Таа мораше да дознае.

**Сцена 2Б** *(Нема акција)*
**Сцена 3А** *(Извадете ги сликите 25 И 26)*

*(Ставете ја слика 29)*

Таа го повика Атах, еден од нејзините слуги. ”Ти мора да одиш кај Мардохеј и да дознаеш што го мачи и зошто,” беше нејзината очајна заповед.

*(Извадете ја слика 29)*

**Сцена 3Б**

Атах побрза кај Мардохеј и ја пренесе пораката на царицата.Мора да му олеснило многу на Мардохеј кога слушнал дека царицата знае за големата тага на Евреите.

”Атах, ти мора да ѝ кажеш сè на царицата,” одговори Мардохеј. ”Јас одбив да му се поклонам на Аман. Тој многу се налути и нареди да се убијат сите Евреи. Аман дури вети дека ќе му даде многу сребро на царот за тоа. Ете! Однеси го ова кај царицата Естира.”

*(Ставете ја слика 27а)*

Мардохеј му даде на Атах примерок од Амановата наредба која беше испратена низ целото царство.

”Атах, ти мора да ѝ кажеш на царицата Естира да отиде и да зборува со царот и да го моли да го спаси нашиот народ. Мора да ја натераш да разбере дека ова е многу важно.”

*(Извадете ги сликите 30 и 27а)*

**Сцена 4А**

Атах не запре да се распрашува.

*(Ставете ги слики 29 и 27а)*

Тој побрза во палатата каде Естира загрижено чекаше. ”Царице Естира!” Атах започна брзајќи. ”Таа-таа е многу лоша вест за Мардохеј и за сите Евреи! Тие ќе мора да умрат на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Еве - прочитајте го ова, Мардохеј ви го испраќа.”

*(Извадете ја слика 28 и ставете ја сл. 31)*

Како што читаше, лицето на царицата стануваше многу тажно. Веројатно Атах се прашувал зошто. ”Царице Естира,” продолжи Атах, ”Вие треба да одите при царот Ахасвер и да го молите да не ги убие Евреите. Мардохеј вели дека мора да го сторите тоа!”

”О, не!” извика царицата - таа беше шокирана и уплашена. Чувствуваше дека не би се осмелила да го стори тоа.

Се прашувам дали Естира заборави дека Господ Бог ќе ѝ даде храброст. Дали таа заборави да го донесе својот проблем пред Него? Ако Господ Исус е твој Спасител, тогаш ти си Божјо дете и можеш да му кажеш на твојот Небесен Татко за сѐ што те плаши. Во Псалм 50:15 читаме, ”Повикај Ме во тежок ден: ќе те ослободам, а ти ќе Ме прославиш.” Што и да те мачи - можеби твојот другар престанал да се дружи со тебе, или татко ти останал без работа, или некој ти кажува гадни и зли работи - кажи Му го тоа на твојот Небесен Татко. Тој ќе помогне, а ти ќе Го прославиш. Не заборавај да разговараш со Бог за твоите проблеми и потреби кога ти е страв. Се чини дека Естира заборави.

”Атах,” рече таа, ”Мора веднаш да отидеш кај Мардохеј и да му ја пренесеш оваа порака. Секој знае дека било кој маж или жена што ќе му се приближи на царот во внатрешниот двор, без да биде повикан, ќе биде убиен. Само оној кон кого царот ќе го пружи својот златен жезол, ќе остане жив.”

Жезолот е еден вид стап кој му припаѓа на царот. Тој покажува дека царот има моќ и право да владее. ”Таков е законот,” продолжи Естира. ”И Атах, кажи му го на Мардохеј ова - Не сум поканета да отидам пред царот веќе 30 дена.”

Естира размислуваше за проблемите - и тие изгледаа невозможни. Но кога имаш големи проблеми, сети се дека Бог е многу поголем од твоите проблеми. Нема ништо претешко за Него. Тој ја има сета моќ; Тој може да прави што сака. Таков е Бог твојот Небесен Татко, ако Господ Исус е твој Спасител. Семоќниот Господ Бог беше Бог и на Естира исто така; но токму сега, таа размислуваше повеќе за своите проблеми, отколку за Него.

Кога Атах повторно побрза кај Мардохеј, Естира веројатно мислеше дека нејзиниот братучед ќе ја разбере.

*(Извадете ги сликите 27а и 29)*

**Сцена 4Б** *(Ставете ја слика 30)*

Атах го најде Мардохеј И му кажа што рече царицата. ”Таа не била повикана од царот веќе 30 дена,” заврши Атах. Пораката на царицата кажуваше дека беше невозможно за неа да зборува со царот.

Но Мардохеј не се откажуваше лесно. ”Атах,” рече тој цврсто, ”Ти мора да ѝ ја пренесеш следнава порака на Естира: ’Естира, немој да мислиш дека ќе се извлечеш само затоа што живееш во царски дом. Дури и ако не му кажеш ништо на царот, Евреите ќе се спасат. Но ти и твоето семејство ќе бидете убиени. И кој знае, дали токму за вакво време не си достигнала царско достоинство? Кој знае, можеби си станала царица само заради ова, за да го спасиш својот народ?’ ”Мардохеј сакаше Естира да се сети дека Бог има планови за Своите деца. Зарем не беше таа во палатата бидејќи Бог беше така испланирал?

Веќе научивме дека Бог има причина кога го спасува секој верник. Тој нѐ поставил во нашето семејство, на нашата улица и во нашето училиште за да бидеме употребени од Него на посебен начин. Имаше едно момче наречено Коле кое живееше на една одредена улица; ајде да ја наречеме улица ”Мост”. Коле беше христијанин. Еден ден еден маж и една жена дојдоа да одржуваат посебни состаноци за деца на улицата на Коле. Но тие не знаеа каде живеат децата. Кога излегоа од колата, го сретнаа Коле. ”Ние ќе имаме посебни состаноци за момчиња и девојчиња. Можеш ли да нѝ кажеш во кои куќи живеат деца?” ”Се разбира,” рече Коле. И така тој ги однесе во куќите каде живееа момчињата и девојчињата.

Кога завршија, мажот му рече на Коле, ”Мислам дека Бог имал план ти да живееш на оваа улица. Бидејќи ти беше тука, ние можевме да им дадеме покани на децата.Ти благодарам многу.” Коле се почуствува многу радосен кога помисли дека Бог дури испланирал и каде тој треба да живее.

*(Извадете ги сликите 30 и 31)*

**Сцена 5А** *( Ставете ги сликите 28 и 29)*

Назад во палатата, Атах ѝ кажа сѐ на Естира. Таа беше многу, многу преплашена од помислата да оди кај царот без да биде повикана. Меѓутоа таа храбро одлучи да се обиде да го спаси својот народ, дури и ако притоа го загуби својот живот.

Таа му испрати одговор на Мардохеј. ”Собери ги Евреите во градот. Постете за мене, ниту јадете ниту пијте за време од три дена. Во палатата јас и моите слугинки ќе го направиме истото. Потоа јас ќе отидам при царот. Ако умрам, умрам.”

Естира знаеше дека ѝ треба Божјата помош. Момчиња и девојчиња христијани, вам ви треба Божјата помош постојано, зар не? Можеби ти си единствениот христијанин во твоето одделение на училиште, и многу ти е тешко да живееш за Бог. Кажи му го тоа на твојот сакан Небесен Татко. Тој сака да Му кажеш, ветува дека ќе помогне. Можеби имаш некој проблем дома кој не можеш да го споделиш со никого. Можеш да го споделиш со Бог. Тој е заинтересиран и Тој може да помогне. Без разлика дали се мали проблеми или големи проблеми, разговарај со Бог за нив. Сети се на Библискиот стих, ”Повикај Ме во тежок ден: Јас ќе те ослободам, а ти ќе Ме прославиш” (Псалм 50:15). Бог е толку моќен и голем што нема ништо претешко за Него. Тој ги слуша и ги одговара молитвите на Своите деца.

Поради тоа Естира знаеше дека таа и нејзиниот народ мора да бараат помош од Него.

*(Извадете ги сликите 28 и 29)*

**Сцена 5Б** *(Ставете ги сликите 30, 32, 33)*

Кога Мардохеј го слушна тоа, тој тивко им испрати порака на Евреите.Три дена тие постеа и се молеа. О, колку им беше потребна Божјата помош!

**Сцена 5Ц** *( Ставете ги сликите 24 и 34)*

Естира не можеше да ја напушти палатата за да пости и се моли со другите, затоа ги повика своите слугинки, сите заедно. Естира го молеше Бог, единствениот кој беше посилен од царот Ахасвер и од Аман, барајќи помош од Него.

**Сцена 6А** *(Внатрешност на палатата)*

*(Ставете ги сликите 37, 38, 39)*

После три дена, Естира го облече царскиот фустан и тргна кон внатрешниот двор. Колку ли трема мора да имала. Внатре во внатрешниот двор таа застана да чека. Срцето само што не престана да ѝ чука. Дали таа ќе умре заради ова? Дали царот ќе го испружи кон неа својот златен жезол?

Таа чекаше и гледаше сета задишана. *(Ставете ја слика 40)* Царот Ахасвер ја виде својата прекрасна царица. Неговата рака се придвижи *(Ставете ја слика 37а)*. Да, тој го испружи златниот жезол! Естира можеше да дојде и да зборува со него.

Бог го слушна викот на Својот народ! Тој секогаш ги слуша Своите деца кога тие Му зборуваат. ”И ова е увереноста која ја имаме во Него: дека нѐ слуша ако бараме нешто според Неговата волја” (1 Јован 5:14). Понекогаш Тој не го прави тоа што ние мислиме дека треба да го направи, но Тој секогаш го прави она што е најдобро. Колку е прекрасно да се биде Божјо дете и да се знае дека Тој ветува дека ќе ги чуе и одговори нашите молитви, токму како што му одговори на својот народ многу одамна.

Што ли му кажа Естира на царот? Она што му го кажа беше многу изненадувачко! Но ние ќе мора да причекаме до следниот пат да чуеме за тоа.

Момчиња и девојчиња христијани, немојте никогаш да заборавите дека вашиот Небесен Татко слуша и одговара на молитва. Дали ти одвојуваш време да разговараш со Него секој ден? Дали Му ги кажуваш твоите проблеми? Дали Го молиш да ги спаси твоите пријатели или семејство кои не Го познаваат Господ Исус? Како што привршуваме, ајде да Го замолиме Бог да нѝ помогне да се молиме. ”Драги Небесен Татко, Ти благодариме што си голем Бог кој може да ги слуша и одговара нашите молитви. Те молиме опрости нѝ што понекогаш не разговараме со Тебе и помогни нѝ да Ти се молиме секој ден. Во името на Исус. Амин.”






## Четврта Лекција

### Божјиот народ е удостоен



**Библиски текстови:** Естира 5 и 6

**Централна вистина:** Немој да бидеш роб на гревот, како што беше Аман.



**Примена:** **Неспасени:** Верувај во Господ Исус за да те ослободи.

**Кус преглед на лекцијата:**
Естира ги поканува царот иАман на гозба.
Аман гордо го објавува тоа. ЦВН
Естира ги поканува царот и Аман на втора гозба.
Мардохеј одбива да му се поклони на Аман.
Сереса и пријателите го советуваат Аман да направи бесилка за Мардохеј. ЦВН
Царот не може да спие.
Слугата го чита гласно записот за заверата разо ткриена од Мардохеј.
Царот го прашува Аман каква чест треба да му се даде на таквиот човек.
Аман дава свои идеи. ЦВН
Царот го прифаќа предлогот на Аман.
Аман почесно го води Мардохеј наоколу.
Аман си оди дома понижен. ЦВН



**Визуелни помагала:** Оваа лекција захтева пет позадини, и сите тие се од претходните лекции. За сцените 1А и 1Б, користете ги истите внатрешност на палатата и надворешна порта како во лекциите 1 и 2. За Сцената 2А употребете ја собата на царицата од Лекција 3. За Сцените 3А и 5А (куќата на Аман) употребете ја позадината со ентериер која се користи како куќа на Мардохеј во Лекција 1. За Сцената 3Б (собата на царот) употре - бете го ентериерот - женски простории (без вазна) од Лекцијата 1. За да создадете ноќен ефект додадете го слојот на прозорец како што е покажано на сликата. Упо-



требете парче конец или жица за ”водење на коњот” во Сцената 4Б. Ќе ви треба една макара со конец и ножици за практичната лекција.

**Стих за напамет:** Јован 8:36 ”И така, ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни.”

За да ја прикажете вистината за тоа како гревот силно ги зграпчува нашите животи, може да употребите кратка **предметна лекција**, откако ќе го предадете стихот за напамет. Замолете едно од момчињата да излезе напред и да се опфати со двете раце околу себе. (Добро е ако момчето е облечено со кошула со долги ракави или елек.) Завиткај конец еднаш околу него и врзи јазол. Потоа кажи му: ”Сега обиди се да го скинеш конецот.” Ќе му биде лесно да го стори тоа.

Кажи му: ”Така е и со грешните навики, како што се пцуење, крадење и коцкање. Ние би можеле во почетокот да ја скинеме навиката. Но навиките стануваат се посилни.” (Овој пат завиткај го конецот околу него повеќе пати.) ”Кажуваш една пцовка, па потоа друга и пак друга. Ќе украдеш една играчка, а потоа велосипед, па потоа пари, и така станува се полошо и полошо. Почнуваш да се коцкаш на еден автомат, а потоа почнуваш да играш бинго или да се кладиш на коњи, и така натаму. Тоа станува сè посилно и посилно. Што ќе се случи на крајот?”

Кажи му: ”Сега обиди се да го скинеш конецот, кој што многупати е обвиткан околу тебе...се разбираш дека неможеш. Токму како што сега ти требам јас за да го исечам конецот и да те ослободам, исто така на секој од нас му треба Господ Исус Христос да нè ослободи од грешните навики кои нè држат поробени. Господ Исус умре на крстот за грешниците и воскресна да нè ослободи и да нѝ даде сила да живееме за Него.”

**Сцена 1А** *(Внатрешност на палатата)*

*(Ставете ги сликите 37, 37а и 40)*

Бргу царицата се приближи напред и се допре до врвот на златниот жезол. Царот Ахасвер ја праша, ”Царице Естира, кое е твоето барање? Дури и ако побараш половина од царството, ќе ти биде дадено.”

Неговата љубезност мора да ја охрабрила Естира. ”Ако му е по волја на царот,” одговори таа, ”Нека царот заедно со Аман, дојде денес на гозба, што јас ја подготвив за него.”

Колку необично барање! Ова не е она што ние го очекувавме дека таа ќе го праша, зар не? Веројатно ни царот не го очекуваше ова! Замислете си, го ризикуваше својот живот само за да го повика царот на гозба!

”Веднаш повикајте го Аман,” заповеда царот, ”За да направиме како што побара Естира.”

*(Извадете ги сите слики)*

**Сцена 1Б** *(Надворешна порта, нема акција)*
**Сцена 2А** *(Собата на царицата од Лекција 3)*

*(Ставете ја слика 41)*

*”Колку среќен принц сум јас,”* веројатно си мислеше Аман седејќи гордо на гозбата на царицата. *”Леле кога моето семејство и пријателите ќе чујат за ова! Од ден на ден станувам се поголем.”*

Кој беше најважната личност во животот на Аман? Да-Аман. Тој се сакаше себе си повеќе од било кој друг. Кога се сакаш себе си повеќе од било кој друг, тоа е грев, бидејќи Бог вели ”Затоа љуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила!” (5 Мој. 6:5). Грев е да се ставаш себе си на прво место во твојот живот. Дури и кога сме многу млади, ние го правиме тоа. Никој не морал да го научи твојот помал брат или сестра, или тебе да ја изедеш целата чоколада без да ја поделиш. Ние се раѓаме со желба да се ставаме себе си пред Бог и другите луѓе. Токму затоа дури и малите деца сакаат да биде по нивно и плачат ако не биде така. Како што растеме ние сме робови на гревот. Роб е оној кој мора да го прави тоа што господарот ќе каже. Ние се раѓаме како робови на гревот; гревот владее со нас. Гревот многу владееше со Аман.

Како што одминуваше времето, на гозбата на царицата, царот Ахасвер праша, ”Сега, кое е твоето барање, дури и ако побараш половина од царството, ќе го добиеш.”

”Ако му е по волја на царот,” одговори таа, ”Дали ти и Аман ќе дојдете на другата гозба што ќе подготвам за вас утре. Потоа ќе ти кажам што сакам.”

Царот мора да беше многу збунет. Аман пак беше задоволен; тој беше пресреќен што ќе оди на втора царска гозба.

*(Извадете ја слика 41)*

**Сцена 2Б** *(Надворешна порта)*

*(Ставете ја слика 43)*

Аман гордо излезе од палатата. Одвај чекаше да стигне дома и да ѝ каже на Сереса, неговата жена, и на пријателите, за почеста што ја имаше тој ден. Тогаш тој го виде Мардохеј, при портата на палатата, *(ставете ја слика 42)* и се разбира Мардохеј не се поклони пред гордиот принц. Одејќи си накај дома, Аман се исполни со гнев против Мардохеј.

**Сцена 3А** *(Позадина со ентериер употребена како куќа на Мардохеј во Лекција 1)*

*(Поместете ја слика 43 на сцена 3А и ставете ги 44,45 и 46)*

Веднаш штом си дојде дома, Аман ги повика своите пријатели и Сереса, неговата жена. Им се фалеше за своето богатство, за своите синови и за тоа како царот му ја дал најважната положба во царството. „Тоа не е сè," продолжи тој, "Јас сум единствениот човек кого царицата Естира го покани заедно со царот на нејзината гозба. Таа ме покани заедно со царот и на втора гозба утре." Гордото лице на Аман се стемни од лутина кога продожи да зборува, "Но сето тоа ми се расипува поради еден човек - оној Евреинот, Мардохеј. Неможам да бидам среќен се додека тој служи при царската порта."

Тогаш Сереса и сите Аманови пријатели дојдоа до една идеа: "Направи една бесилка 22 метри висока. Утре ќе го замолиш царот, Мардохеј да биде обесен."

(Бесилката е дрвена рамка направена од две греди поставени вертикално на краевите, држејќи друга дрвена греда која стрчи на врвот. (Учителе можеби ќе сакаш набрзина да го нацрташ тоа на еден лист.)

Оваа идеја го израдува суровиот Аман и тој веднаш почна да ја гради бесилката. Набргу Мардохеј немаше веќе да му здодева.

Колку лош господар е гревот! Аман продолжуваше да прави зли работи, една по друга. Токму тоа се случува кога гревот е господар на твојот живот. Како што стареш, правиш сè повеќе и повеќе лоши работи.

Сакам да ти раскажам за Ален кој набргу го откри ова. Кога имаше 3 или 4 години тој обично си лажеше од време на време, но татко му секогаш знаеше кога тој не ја кажуваше вистината. Но кога Ален стана 9 години, можеше да лаже без никој да се посомнева во тоа. И не само тоа, тој кажуваше лоши зборови за кои порано не ни сонуваше. Гревот беше негов господар и сè посилно и поцврсто го стегаше неговиот живот. Истото е и со секое момче и девојче како што растат. Немој да речеш, "Епа, јас мора да престанам да грешам." Ти неможеш да престанеш да грешиш и да почнеш да живееш совршен живот. Тебе ти треба некој кој е посилен од гревот, за да те избави од тој зол господар. Има само Еден кој може да го стори тоа за тебе - Господ Исус Христос. Тој умре на крстот за да ги спаси луѓето од гревот - не само од казната за гревот, но исто така и од моќта на гревот. Тој е жив денес и Тој е Единствениот кој може да те ослободи од стегата на гревот во твојот живот. Ако веруваш во Него, Тој ќе го стори тоа за тебе. Библијата вели, "Тој ќе го спаси Својот народ од неговите гревови" (Матеј 1:21). Тогаш Тој ќе раководи со твојот живот, и ти нема веќе да бидеш роб на гревот. Можеби ти навистина сакаш Господ Исус да го стори тоа за тебе. Можеби незнаеш како да Го замолиш да те спаси. Мене ќе ми биде мило да ти објаснам од Библијата. Важно е да знаеме зошто ни треба Господ Исус да нè спаси, што ние мора да направиме и што Тој ветува дека ќе направи. Ако сакаш да ти го објаснам тоа појасно, можеш да ме најдеш *(одреди место)* на крајот од часот. Само дојди и кажи ми: "Јас сакам да дознаам повеќе за тоа како да се спасам." Сети се дека си роб на гревот како што беше и Аман; таа ноќ неговиот ум беше полн со зли идеи.

*(Извадете ги сликите 43,44,45 и 46)*

**Сцена 3Б** *(Позадина на внатрешност на женски простории од Лекцијата 1)*

Назад во палатата, царот Ахасвер едноставно неможеше да заспие. *(Ставете ја слика 47).* Ноќта му се чинеше многу долга. Дали беше случајност што царот Ахасвер неможеше да заспие? *(Не)* Што беа правеле Естира, Мардохеј и другите Евреи? *(Тие беа се молеле)* Кој го држеше Ахасвер буден? *(Тоа беше Бог)* Најпосле царот побара слугите да му ја донесат книгата во која беа запишувани сите работи што се случуваа за време на неговото владеење.

*(Ставете ја слика 48)*

Еден од слугите почна да чита на глас. Набргу тој дојде до заверата за убиство на царот и како Мардохеј ја беше разоткрил.

"Каква почест му беше дадена на Мардохеј за ова?" праша царот. "Ништо не е сторено за него," одговори слугата.

"Што? Никаква награда?" Тоа несмееше никогаш да се случи во Персискиот дворец. Беше срамота што Мардохеј не беше награден. Царот реши дека веднаш мора нешто да се направи за Мардохеј. Но што?

Токму тогаш царот слушна дека некој оди низ дворот. "Кој е во дворот?" праша тој.

"Аман стои во дворот," одговори слугата.

"Нека влезе," заповеда царот. Аман беше правиот човек што требаше да му помогне да испланира.

*(Ставете ја слика 43)*

Ние знаеме зошто Аман беше таму толку рано, нели?

"Аман, што треба да му се направи на човекот кого царот сака да го награди?" праша царот Ахасвер.

Веднаш Аман си помисли во себе, "Кој друг ако не мене, царот би сакал да го почести?" Повторно тој мислеше за себе си. Кога гревот раководи со твојот живот, ти неможеш ни да размислуваш онака како што Бог сака. Библијата вели дека ѓаволот "им го заслепил разумот на оние кои не веруваат" (2 Кор. 4:4). Ова значи дека на секој оној кој не го има Господ Исус за свој Спасител, разумот му е заслепен од ѓаволот. Можеби ти си ваков: не ти е многу гајле што правиш лошо, сè додека не те фатат; мислиш дека Библијата

е многу досадна; во своите мисли ти си најважната личност. Зарем ова не ти покажува колку многу си му роб на гревот, и колку ти треба Господ Исус да те ослободи? Дали си роб? - Аман беше. Тој размислуваше само за себе. Се разбира, тој беше полн со идеи за тоа како царот треба да го почести!

”За човекот кого царот сака да го почести,” предложи тој, ”треба да се донесат царските облеки што самиот цар ги облекува, и да биде доведен коњот кого царот го јава. Еден од твоите принцови треба да му ги облече тие облеки на таквиот човек и да го води на коњ низ градските улици. Тој треба да извикува пред него, ’Така му бидува на оној кого царот сака да го почести!’”

Царот се чинеше задоволен од Амановите идеи. ”Оди веднаш Аман, земи ги облеките и коњот. Направи така како што предложи за Евреинот Мардохеј, кој седи при царската порта. И запамти, направи сè како што ми предложи.”

”Миродхеј! Дали царот навистина мислеше Мардохеј?” Аман не можеше да им поверува на своите уши. Дали навистина мораше да му ги направи овие работи на Мародхеј, неговиот непријател? Да, тој знаеше дека ќе мора сето тоа да го направи бидејќи царскиот збор беше закон. И така, чувствувајќи се како да сонува лош сон, Аман излезе од царската соба, да ја изврши омразената задача.

**Сцена 4А** *(Нема акција)*
**Сцена 4Б** *(Надворешна порта)*

Го облече Мардохеј во царската облека, го држеше царскиот коњ додека Мардохеј се качуваше на него.

*(Ставете ги сликите 49 и 50 и ”уздите” )*

Така тој го водеш еМардохеј на коњот низ улиците на Шуша. Тој мораше постојано да извикува ”Така му бидува на оној кого царот сака да го почести!”

Веројатно луѓето гледаа со восхит. Колку ли Аман мора да го мразеше секој од тие моменти! Кога чудната прошетка заврши, Маредохеј ѝ се врати назад на својата работа при портата на палатата.

*(Извадете ги сликите 49 и 50, и ставете ја слика 42)*

**Сцена 5А** *(Иста како Сцена 3А)*

*(Ставете ги сликите 44, 45, 46 и 50)*

Аман со наведната глава од срам, побрза дома. Натажен, им раскажа на својата жена, Сереса, и на пријателите за сè што се случи, и како неговите планови тргнаа наопаку.

Тие го ислушаа, но не го утешија баш многу. ”Штом Мардохеј е Евреин, ти не можеш да одиш против него. Ќе бидеш уништен,” рекоа тие. Толку ужасни зборови! Ете каде гревот и злобата го доведоа Аман. Гревот е тежок и суров господар. Библијата вели,” Патот на престапмикот е тежок” (Поговорки 13:15).

За одредено време можеби ќе ти биде многу забавно, можеби прекрасно ќе си поминуваш, додека гревот е твој господар. Но гревот те одвојува од Бог, тој ќе го уништи твојот живот; грешниот пат е тежок пат. На крајот гревот ќе те оддалечи од Бог засекогаш. Немој веќе да бидеш роб на гревот.

Господ Исус умре за да ги ослободи луѓето од казната и моќта на гревот. Поверувај денес во Него за да го стори тоа и за тебе.Ти можеш да Му кажеш: ”Драги Господе Исусе, сè досега јас дозволував гревот да управува во мојот живот.Ти благодарам што умре и воскресна за да ме спасиш од мојот грев.Те молам да ме спасиш сега и да го преземеш мојот живот.” Чујте ги овие зборови кои Господ Исис ги рече: ”И така, ако синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни” Јован 8:36.





## Естира се застапува за својот народ

**Библиски текстови:** Естира 6:14; 7:1-10; 8:3-6; 8:8-14; Псалм 73

**Централна вистина:** Бог секогаш ги поразува Неговите непријатели.

**Примени:** **Неспасени:** Внимавај да не си Божји непријател. **Спасени:** Кога ќе видиш дека тие што прават лошо се успешни, немој да го имитираш нивниот грешен пат, туку верувај Му на Бог.

**Кус преглед на лекцијата:**
Аман и царот на гозба. ЦВ
Естира бара од царот да го спаси нејзиниот народ.
Естира го посочува Аман како виновник. ЦВС
Царот излегува од гозбената соба.
Аман ја моли царицата.
Царот се враќа.
Царот наредува смрт за Аман.
Аман обесен на бесилката. ЦВС
Естира се застапува за својот народ.
Царот: „ Напишете друг закон„. ЦВН
Законот однесен при Евреите. ЦВН










**Визуелни помагала:** За оваа лекција се потребни две позадини: собата на царицата од Лекцијата 4 и сцената со внатрешноста на палатата од претходната лекција. Целото дејство се одвива на левата страна од фланелната Библија.

**Стих за напамет:** 1 Петар 5:7
”И секоја своја грижа фрлете ја на Него, зашто Тој се грижи за вас.”

**Сцена 1А** *( Собата на царицата)*

*( Ставете ги сликите 51, 52, 53а и 54)*

Колку бргу се изменија работите! Аман беше многу среќен, горд и сигурен во себе. Сега, иако тој беше на гозбата на царицата, се чувствуваше многу несреќен, ”ситен” и несигурен во себе.

Овие работи се случија заради причини за кои Аман ништо не знаеше.Тој не знаеше дека Евреите Му се молеа на Бог за нивно ослободување. Тој не знаеше за единствениот вистински Бог кој управува над сѐ. Аман им беше непријател на Евреите, но тој не знаеше дека поради тоа, тој всушност Му беше непријател на великиот, семоќен Господ Бог. Оние кои одат против Бог и Неговите патишта ќе бидат поразени. Библијата вели дека Бог ”ќе ги совлада Своите непријатели” ( Исаија 42:13). Тоа значи дека Тој ќе ги победи. Бог ќе победи. Некои од Божјите непријатели имаат голема сила, но Бог ја има сета сила. Тој никогаш не може да биде поразен од оние кои се против Него. Па така и Аман, сигурно требаше да биде победен.

Аман веројатно се потсеќаше во мислите како работите тргнаа наопаку. Естира размослуваше на Мардохеј и нејзиниот народ, и како таа ќе треба да загине заедно со нив на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Таа знаеше дека мора да разговара со царот за тоа. Таа беше ветила.

На вториот ден од гозбата на царицата, царот запраша, ”Што е тоа што сакаш Естира? Што и да побараш, ќе ти биде дадено; дури и ако побараш половина од царството.”

Цатот го чекаше одговорот на својата царица. Дали таа ќе побара накит, пари, земја или пак чест? Луѓето обично ги сакаа овие работи. Срцето на Естира веројатно силно отчукуваше, но таа беше сигурна дека ова беше правиот момент за да прозбори. ”Ако најдов милост во твоите очи, о цару, и ако ти е по волјата, тогаш нека мојот живот биде спасен и животите на мојот народ.”

Што? Животот на царицата во опасност? Како е тоа можно? Царот одвај можеше да им поверува на своите уши! Сега, сетете се дека царот Ахасвер не знаеше дека Евреите беа тие, кои Аман сакаше да ги уништи. А се разбира, и не знаеше дека Естира потекнуваше од Евреите.

Естира храбро продолжи, ”Ние сме предадени, јас и мојот народ, за да бидеме уништени, да бидеме убиени.”

”Сиот наш народ треба да биде збришан. Да бевме предадени во ропство, ќе молчев.”

”Кој е тој, и каде е тој човек кој воопшто се осмелил да помисли такво нешто?” бараше царот.

Храбрата царица посочи, ”Непријателот е овој злобниот Аман.”

*( Извадете ја сл. 53а и ставете ја сл. 53б)*

Непријателот беше именуван во присуство на самиот цар! Бог го изведуваше поразот над непријателот. За одредено време, се чинеше дека сѐ му оди добро на Аман, но сѐ дотогаш додека Бог допушташе. Истото се случува и денес. Понекогаш се чини дека луѓето кои се непослушни кон Бог поминуваат неказнети; изгледа дека сѐ им оди добро. Тоа е само затоа што Бог го допушта. Секој Божји непријател ќе биде поразен и казнет еден ден. Би било големо понижување за Божјото име кога Неговите непријатели би Го поразиле; но Тој никогаш, никогаш нема да дозволи да се случи тоа. Затоа, кога ќе видиш како на измамниците и насилниците им оди добро, немој да им завидуваш. Немој да се обидеш да постапуваш како нив. Верувај Му на Бог, бидејќи на крајот Божјите непријатели се губитниците; токму тоа се случи со Аман.

Тој не кажа ни збор; беше преплашен. Каква голема грешка беше направил обидувајќи се да ги уништи Евреите, кога самата царица беше една од нив.

**Сцена 2А** *(Иста како 1А)*

*( Извадете ја слика 54)*

Царот стана, сиот во бес ја напушти гозбената сала,и излезе надвор во градината на палатата. Секакви разлутени, измешани мисли мора да му се вртеа во умот. Аман, познатиот горд и храбар принц, сега беше само една плашлива кукавица.

*(Извадете ја слика 53б)*

Во своето срце, тој знаеше што беше одлучил царот да прави со него, но сепак се реши да направи еден последен очајнички обид да се спаси себеси.

*(Ставете ја слика 55)*

Тој почна да ја преколнува Естира да го спаси неговиот живот. Како што ја молеше, тој падна на каучот при нејзините нозе.

**Сцена 3А** *(Иста како 2А)*

*(Ставете ја слика 56)*

Токму во тој момент налутениот цар се врати и го виде Аман при неговата царица. Тој беше бесен и му се развика на Аман. Слугите знаеа што тоа значеше. Бргу дојдоа и му го покрија лицето на овој злосторник. Ова значеше дека Аман беше осуден на смрт.

*(Ставете ги сликите 57 и 58 над Амановата глава)*

Изгледа дека еден од царевите слуги знаеше за бесилката која Аман ја изгради. Тој веднаш кажа, ”Има бесилка висока 22 метри кај Амановата куќа. Аман ја направи за Мардохеј, човекот кој зборуваше во полза на царот, за да го спаси царевиот живот.”

”Обесете го Аман на неа!” заповеда царот. Слугите не губеа време.

*(Извадете ги сликите 55, 57 и 58)*

Тие го изнесоа надвор од палатата. За него сега веќе немаше поклонување од слуги, ниту пак гордо и надуено држење. Аман беше обесен на бесилката до неговиот сопствен дом, бесилката која тој ја беше изградил за Мардохеј. Божјиот непријател, непријателот на Неговиот народ беше мртов.

Бог секогаш ги поразува Неговите непријатели. Не се случува секогаш на овој начин. Понекогаш Бог им дозволува на Неговите непријатели да биде по нивно за некое време. Понекогаш се чини дека луѓето кои Му се непослушни на Бог, немаат никакви проблеми. Можеби има некое момче во твоето училиште кое препишува на писмените, краде во продавници, Го пцуе Бог, но сѐ му оди супер. Ти си христијанин, а дури и кога многу ќе учиш, нема да добиеш толку добра оцена на писмената. Некои од твоите другари не сакаат да се дружат со тебе бидејќи си христијанин. Сето ова е многу тешко да се разбере. Немој да почнуваш да правиш лошо само затоа што ти изгледа полесно така. Помисли за тоа колку е прекрасно да Му се припаѓа на Бог. Сети се дека на оние кои се непослушни кон Бог и се чини дека им е лесен животот, нема да им биде така секогаш. А ти ќе бидеш со Бог засекогаш. Божјите непријатели - ѓаволот, неговите демони и сите луѓе кои се против Бог - ќе бидат поразени и казнети засекогаш. Многу сериозна работа е да се биде Божји непријател, како што беше Аман.

Сега тој беше мртов. Естира ќе беше безбедна на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Царот ќе ја заштитеше. О, - но сиот народ на Естира, Еврејскиот народ, сеуште беше во опасност! Според Персиските закон, старата заповед на царот мораше да важи; требаше да има нова заповед од царот која ќе ја замени старата. Заповедта да се уништат Евреите беше испратена насекаде низ царството. Покрај тоа, многу од Персијците ќе сакаа да ги убијат Евреите за им да ги земат нивните куќи, ниви и пари. Што требаше да се стори за тие да се спасат?

*(Извадете ги сите слики)*

**Сцена 4А** *(Внатрешност на палатата)*

Уште еднаш Естира храбро му пристапи на царот.

*(Ставете ги сликите 59, 60 и 61)*

Мардохеј беше со неа кога таа падна при нозете на царот и плачеше, и го преколнуваше да му стави крај на Амановиот зол план. Уште еднаш царот го испружи својот златен жезол кон неа.

**Сцена 5А** *(Иста како 4А)*

*(Извадете ја слика 60 и ставете ја сликата 62)*

Естира се подигна и застана пред царот. Таа рече, "Ако му е по волја на царот, и ако му е право, ако сум мила во неговите очи, нека се испрати друга наредба која ќе ја поништи наредбата на злобниот Аман. Како би можела да ја гледам несреќата што би го погодила мојот народ? Како да поднесам да го гледам уништувањето на моето семејство?"

Храбрата царица го чекаше царевиот одговор. "Напишете друг закон," им рече тој на Естира и Мардохеј, "Напишете во име на царот за полза на Евреите. Напишете го она што мислите дека е најдобро, и запечатете го со царскиот печатен прстен. Никој документ напишан во царевото име и запечатен со неговиот прстен, не може да се промени."

Колку ли многу Естира И Мардохеј мора да се радуваа. Тие се надеваа за вакво нешто да се случи. Бог немаше да дозволи Амановите планови да успеат. Божјите непријатели и непријателите на Неговиот народ требаше да бидат поразени. Мораме да се запрашаме, "Кои се Божјите непријатели?" Да, лошите луѓе, ѓаволот, демоните, се Божјите непријатели. Но слушнете што рече Господ Исус - "Кој не е со Мене, тој е против Мене" (Мат. 12:30). Тоа значи дека секој кој не поверувал во Господ Исус како Спасител е против Бог и Неговиот Син, Господ Исус. Гледаш, сите ние се раѓаме со желба да бидеме против Бог. Но Бог обезбедил начин како да станеме Негови пријатели. Која Господ Исус Христос умре на крстот, го отстрани нашиот бунт и омраза спрема Бог. Тој ја зеде казната за сиот наш грев. Освен ако не поверуваме во Исус Христос, ние остануваме Божји непријатели и продолжуваме да се бориме против Него. Внимателно размисли на која страна си ти. Сети се дека оние кои се против Бог, ќе бидат поразени и казнети засекогаш. Но ако Го замолиш Господ Исус да биде твој Спасител, ќе има мир помеѓу тебе и Бог. Ти ќе бидеш на Божјата страна, Негов пријател и никогаш повеќе непријател. Ако си го направил тоа, сигурен сум дека си многу радосен, како што и Евреите се радуваа со Господ, Нивниот Бог.

Естира, Мардохеј и царските службеници бргу се зафатија со работа. Царицата и нејзиниот братучед многу внимаваа како ќе го напишат новиот закон бидејќи беше многу, многу важен.

Во овој нов закон на Евреите им се даде право да се собираат заедно и да се бранат од нападите на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Им се дозволи да го убиваат секој непријател кој би ги нападнал или би се обидел да им ги зема имотите.

Наредбите беа внимателно напишани и запечатени со царскиот прстен. На јавачите им се дадоа најдобрите и најбрзите коњи, специјално одгледани за царот.

Ќе се спаси ли Божјиот народ? Ќе учиме за тоа следниот пат. Но ти мора да се запрашаш себеси, "Дали јас Му припаѓам на Бог, или се борам против Бог?" Во твоето срце, дали знаеш дека си против Бог? Дали посакуваш да припаѓаш на Неговиот народ? Дали навистина сакаш да има мир, наместо војна, помеѓу тебе и Бог? Библијата вели дека Господ Исус Христос "створи мир преку крвта на Неговиот крст" (Кол. 1:20). Кога умре на крстот, тој створи мир моѓу грешниците и Бог. Ако навистина го сакаш овој мир, поверувај во

Господ Исус за да те измири со Бог. Кажи Му на Господ Исус токму сега, ”Господе Исусе, јас жалам што се борев против Бог. Ти благодарам што умре за мене. Те молам прости ми, и створи мир помеѓу мене и Бог.Те молам направи ме Божјо дете.”











## Шеста Лекција

### Божјиот народ е победоносен

**Библиски текстови:** Естира 8:1, 2, 7, 11-15; 9:1-17;

**Централна вистина:** Господ на посебен начин го љуби Својот народ и се грижи за него.

**Примени:** **Неспасени:** Ќе ја запо знаеш Неговата љубов и грижа кога ќе поверу ваш во Христос како Господ и Спасител, и така ќе станеш еден од Божјите луѓе.
**Спасени:** Верувај во Него во секое време.

**Кус преглед на лекцијата:**

Естира и Мардохеј во палатата. ЦВН
Евреите слават. ЦВС
Посета на едно село:- Персијците горди, Евреите исплашени. ЦВС
Еден коњаник доаѓа со закон. Евреите се раду ваат.
Доаѓа тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец:- Многу од Персијците загинуваат. ЦВС
Сите Евреи се спасу ваат.
Четиринаесеттиот ден, ден на радост за Евре ите.
Мардохеј и Естира им кажуваат на Евреите да се сеќаваат. ЦВС,Н

**Визуелни помагала:** За оваа лекција се потре бни четири позадини: три од претходните лекции - внатрешноста на пала тата, надворешната порта, и ентериерот користен како куќа на Аман во Лекцијата 4; како и ули чна сцена.

**Стих за напамет:** Повторување на 1 Петар 5:7 ”Секоја своја грижа фрлете ја на Него, зашто Тој се грижи за вас.”

**Сцена 1А** *(Внатрешност на палатата)*

*(Ставете ги сликите 59, 61 и 62 од лекцијата 5)*

Тие беа пресреќни! Навистина Естира и Мардохеј мора да беа двајцата најсреќни луѓе во палатата. Но дали си поставуваш некое прашање? Дали се прашуваш, "Како Мардохеј се најде во палатата? Зарем неговото место не е при портата?"

Кога Естира зборуваше со царот, таа му кажа дека Мардохеј ѝ е братучед. Кога царот го чу тоа, го доведе Мардохеј во палатата. Тој дури и го извади својот прстен (оној што му го даде на Аман) и му го даде на Мардохеј. Изгледа дека навистина имаше доверба во нејзиниот братучед.

Тој покажа голема љубезност и кон Естира исто така. На денот кога Аман беше обесен, Ахасвер ѝ ги подари куќата, нивите и слугите кои ги поседуваше Аман.

Колку прекрасно Господ се погрижи за Естира и Мардохеј. Толку многу работи ги потсетија на Неговата љубов. Библијата јасно кажува дека Бог ги сака сите Свои луѓе и се грижи за нив на посебен начин. Тој вели, "Јас те засакав со вечна љубов" (Ерм.31:3). Нема крај за Божјата љубов кон Неговите деца. Кога размислуваме за ова, гледаме дека има многу, многу работи кои нам ни ја покажуваат Неговата љубов. Но смртта на Господ Исус на крстот ни ја покажува Божјата љубов појасно од било што друго. "Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој кој верува во Негода не загине, туку да има вечен живот "(Јован 3:16). Естира и Мардохеј не можеа да размислуваат за тоа, бидејќи тие живееа пред Господ Исус да дојде. Но ние можеме да размислуваме за тоа. Дали си увидел дека Господ Исус умре за твојот грев? Дали си поверувал во Него како во твој Спасител? Ако да, тогаш си ја запознал прекрасната Божја љубов кон тебе. Таа љубов нема никогаш да престане; Тој се грижи за тебе и за сите Свои луѓе на посебен начин.

Низ изминативе денови, ние учевме заедно за тоа како Бог работеше во и преку Естира. Можеби во твоето срце ти навистина сакаш да Го познаваш Него како твој Господ и Спасител. Јас не можам да те спасам, но можам да ти објаснам како Господ може да те спаси. Ако сакаш да ти помогнам, тогаш остани на крајот кога другите ќе си отидат; тогаш дојди и седни тука во првиот ред. Ако видам дека седиш тука, јас со радост ќе ти го покажам од Библијата, Божјиот пат за спасение.

Бог им покажа на Мардохеј и Естира дека Тој се грижи за Своите луѓе.

**Сцена 1Б** *(Надворешна порта)*

Види го Мардохеј како излегува од палатата. Не носи вреќиште.Тој дури не носи ни алишта за слуги.

*(Ставете ја слика 63)*

На неговата глава има златна круна, и е облечен во сино-бела облека, со наметка од фино виолетово ленено платно - тоа беше царската облека од палатата. Мардохеј излезе на улиците на Шуша.

*(Ставете ја слика 64)*

Евреите празнуваа и славеа. Тоа беа првите кои ја слушнаа добрата вест испратена од Естира и Мардохеј. Тие повеќе не се плашеа што ќе се случи на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Бог беше со нив. Тој ја слушна нивната молитва и ги избави од непријателот. Бог не се погрижи само за Мардохеј и Естира; Тој се погрижи за целиот Свој народ: богатите, сиромашните, младите и старите. А Тој е сеуште истиот и денес.

Ако Господ Исус е твој Спасител и ти си ја запознал Божјата љубов кон тебе, можеш да бидеш сигурен дека Тој се грижи за тебе. Можеби наставничката на училиште не ти обрнува многу внимание. Можеби твоите другари те изневеруваат, или пак никој не сака да те слуша. Можеби е дури и полошо - некој од твоето семејство е многу болен. Можеби твојата мајка или твојот татко се умрени. Се прашуваш себеси, "Дали некој се грижи за мене?" Бог се грижи, можеш да бидеш сигурен во тоа. Тој знае сè за тебе, и е заинтересиран за тебе. Тој постојано се грижи за тебе. Дури и кога спиеш, Тој те пази. Кога си осамен, вознемирен, или тажен, сети се дека Бог те љуби и се грижи за тебе, како што се грижеше и за Својот народ во големото Персиско царство многу одамна.

Меѓутоа илјадници Евреи кои живееа во оддалечените места сеуште не беа чуле. Тие сеуште беа тажни и исплашени, ужаснувајќи се при помислата на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Но коњаниците брзо минуваа низ целото царство.

**Сцена 2А** *(Улица)*
**Сцена 2Б** *(Празна - нема акција)*

Ајде да си замислиме дека сме отпатувале за Персија, и посетуваме едно од селата каде Евреите се сеуште тажни и исплашени. Но се чини дека нема ниту еден Евреин на улиците. Веројатно сите се кријат во своите куќи.

*(Ставете ја слика 65)*

Видете како Персијците зборуваат и се смеат. Еден од нив покажува кон една убава куќа која му припаѓа на еден Евреин. "Оваа ќе биде моја," можеме да го слушнеме како зборува. "Оваа ќе биде моја веднаш штом ќе се ослободиме од овие Евреи. " Надолу по улицата тие одат, смеејќи се и зборувајќи за тоа колку богати ќе станат на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец.

Но гледај! Нешто се случува подолу по улицата. Сите се возбудени. Еден коњаник пристигна во

селото, и се чини дека му се брза. ”Пак лоши вести за Евреите!” кажува некој, и сите почнуваат да се смеат.

*(Ставете ја слика 66)*

Коњаникот закачува едно писмо на ѕидот, и заминува така брзо како и што дојде. Тоа мора да е некоја многу важна порака од царот.

*(Ставете ја слика 67)*

Еве, доаѓаат и некои од Евреите. Колку ли преплашено тие изгледаат; колку се сите тивки. Персијците престануваат да се смеат; сега некои од нив изгледаат и налутено.

”А сега, што мислите за ова?” извикнува еден Евреин. ”Оваа порака е за нас и изгледа дека е добра вест!”

”Не ми се верува,” одговара друг, ”Но го има царскиот печат.”

”Но што со првата наредба на царот? - таа не може да се смени,” некој ги потсети.

”Види, кажува дека ќе можеме да се бориме за нашите животи на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец. Најпосле, нема да мора да гинеме!”

*(Ставете ја слика 64)*

Бог се грижеше за својот сопствен народ, кога живееше меѓу луѓе кои не Го познаваа, ниту Го сакаа Него. Сосема исто е и денес. Можеби ти си единствениот христијанин во твоето семејство, или во твоето одделение или пак во друштвото со кое си играш. Можеби често има кавги во твојот дом. Дали понекогаш си помислуваш, ”Премногу е тешко, јас не можам да живеам за Бог тука.” Бог се грижи за тебе и ти ја дава помошта што ти треба да живееш за Него. Тој сака да ги споделиш твоите проблеми со Него. Во Библијата, Тој вели, ”Секоја своја грижа фрлете ја на Него, зашто Тој се грижи за вас” (1 Петар 5:7). Можеш да бидеш сигурен дека Неговата прекрасна љубов и Неговата грижа за тебе никогаш нема да престанат. Знаејќи го тоа, ќе имаш радост, дури и кога работите се многу тешки. Евреите навистина се радуваа на она што се случи.

Секаде каде се ширеше веста, имаше голема радост и веселба меѓу Евреите. Тие празнуваа и прославуваа. Библијата вели дека дури и некои од другите луѓе станаа Евреи; тие беа преплашени од она што се случуваше.

*(Извадете ги сите слики)*

Но што се случи на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец?

**Сцена 3А** *(Иста како 2А)*
**Сцена 3Б** *(Празно - нема акција)*

*(Ставете ја слика 68)*

Најпосле дојде тој ден, но Евреите не се плашеа. Тие се обединија, за да се заштитат себеси и својот имот. Тие многу добро знаеа дека имаа непријатели кои многу чезнееа да им ги земат домовите и нивите.

Евреите беа спремни со своите мечови, но не планираа да се борат, освен ако не беа нападнати.

Многу од Персијците беа исплашени да нападнат. Некако како да постоеше голем страв од Евреите насекаде. Дури и управниците на провинциите им помагаа на Евреите, бидејќи слушнаа колку моќен беше станал Мардохеј во палатата.

*(Ставете ја слика 69)*

Меѓутоа, се разбира, имаше и многу кои нападнаа и се обидоа да ги земат Еврејските имоти. Што мислиш, што стана со нив? Тие беа победени, бидејќи Бог беше со Својот народ. Мора да имало многу, многу непријатели на Евреите како што беше Аман, и тие мора да ги нападнале Евреите многу дивјачки, бидејќи 75,000 Персијци ги загубиле своите животи во борбите. Евреите не им ги земаа нивните ниви и куќи. Тие не беа исполнети со омраза, како нивните непријатели.

На крајот на тој ден, тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец, ниту еден Евреин не фалеше! Бог навистина беше со Својот народ, грижејќи се за него во секој момент.

Ако си Божјо дете, Тој е Оној кој се грижи за тебе. Често пати Сотоната ќе те тера да престанеш да живееш на начин на кој ќе Го задоволиш Господ Исус. Понекогаш ќе се чувствуваш како губитник зашто не си Го послушал Бог. За сето тоа време Бог те љуби и Се грижи за тебе. Ако веруваш во Господ Исус, Тој ќе се грижи за тебе, сè додека те доведе во Небото.Таму ти ќе ја знаеш Неговата прекрасна љубов засекогаш. Затоа, запамти ги овие зборови: ”Тој се грижи за вас.” Тој секогаш Се грижи за Своите.

**Сцена 4А** *(Ентериер)*

*(Ставете ги сликите 71 и 72 )*

Се разбира Евреите беа премногу радосни поради големата победа. Следниот ден - четиринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец - тие се одморија, и го прогласија тој ден за ден на радост и празнување. Низ целото царство, во селата и градовите, беше ден на радост. Евреите од Шуша продолжија да прославуваат и наредниот ден исто така.

Сега во палатата, Мардохеј според почест беше веднаш до царот. Тој заедно со царицата Естира напишаа писма до Евреите кажувајќи им да ги празнуваат

четиринаесеттиот и петнаесеттиот ден од дванаесеттиот месец секоја година.

Тие никогаш не смееја да заборават како нивната тага беше претворена во радост. Дури и денес Евреите ги празнуваат овие два дена, наречени Пурим, како празници кои ги потсетуваат на тоа како Бог се погрижи за Својот сопствен народ.

Сигурно, ако ти го познаваш Господ Исус, мора да си велиш, ”Јас сум толку радосен што сум еден од Божјите луѓе.” Заблагодари Му за Неговата голема љубов, љубов во која можеш да бидеш сигурен. Верувај Му - дури и кога ти е тешко - бидејќи ”Тој се грижи за вас.”

Можеби пак знаеш дека не си еден од Божјите луѓе, но навистина сакаш да бидеш. Дали сакаш да се одвратиш од злото во твојот живот? Верувајќи дека Исус Христос умре на крстот за твојот грев, дали ќе Му се довериш да го отстрани твојот грев и да те направи еден од Божјите луѓе? Тогаш ќе ја запознаеш Неговата љубов и грижа во твојот живот. Сети се на Библискиот стих: ”Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот” (Јован 3:16). Ако Бог ти зборува на твоето срце денес, поверувај во Господ Исус. Тогаш ќе имаш вечен живот, и нема никогаш да загинеш.







